УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

# З Б О Р Н И К

## НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА „ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА“



ШТИП, 2016

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

**НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА**

# „ ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА “

(одржана на ден **7.10.2016** година, Факултет за образовни науки, Штип)

2016, Штип

**За издавачот:**
проф. д-р Соња Петровска, декан

**Издавачки совет:**
проф. д-р Блажо Боев
проф. д-р Дејан Мираковски
проф. д-р Кирил Барбареев

**Уредувачки одбор – Editorial Board:**
проф. д-р Снежана Јованова Митковска
проф. д-р Снежана Мирасчиева
проф. д-р Кирил Барбареев
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

**Јазично уредување - Language Editor:**
Весна Ристова (македонски јазик)
м-р Снежана Кирова (англиски јазик)

**Дизајн на корица - Design:**
проф. д-р Никола Смилков

**Техничко уредување – Technical Editing:**
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

37.011.3-051 (082)

ПРЕДИЗВИЦИТЕ и перспективите на учителската професија:
научно-стручна трибина: (одржана на ден 7.10.2016 година, Факултет
за образовни науки, Штип) / [уредувачки одбор Снежана
Јованова-Митковска ... и др.]. - Штип: Универзитет „Гоце Делчев“,
Факултет за образовни науки, 2016. - 136 стр. ; илустр. ;24
25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Abstract

ISBN 978-608-244-365-2

а) Учителска професија - Зборници
COBISS.MK-ID 102229002

**СОДРЖИНА**

Предговор .....6

Снежана Јованова – Митковска
ДА СЕ БИДЕ УЧИТЕЛ!.....7

Оливер Цацков
УЧИТЕЛОТ - ЛИЧНОСТ ШТО ТРЕБА ДА СЕ СЛЕДИ И ПОЧИТУВА.....12

Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Даниела Коцева, Ирена Китанова
ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ПРОФЕСИЈАТА УЧИТЕЛ …….....17

Елена Ташкова, Лидија Камчева Панова, Страхил Газепов
ПРЕДИЗВИКОТ НА УЧИТЕЛОТ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО РЕФРАКТОРНИ АНОМАЛИИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП …….....23

Снежана Јованова – Митковска, Билјана Попеска
ЕФЕКТИВНАТА, ЕФИКАСНА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ - ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНКОТ ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ.....29

Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Ирена Китанова
ИНТЕРКУЛТУРНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ – ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА .....37

Елизабета Симоновска
ВОСПИТУВАЧИТЕ И НАДАРЕНОСТА КАЈ ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА .....42

Весна Димитрова
ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕАТИВНАТА СРЕДИНА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА …….....44

Весна Ничева, Нада Арсова
КРЕАТИВНОСТ ВО НАСТАВАТА .....49

Ирена Китанова, Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Даниела Коцева
МОЖНОСТИ И ФОРМИ НА РАБОТА СО НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ …….....57

Верица Јосимовска
ИНОВАТИВНИ МЕТОДИ ВО УЧЕЊЕТО И ПРОУЧУВАЊЕТО НА ЧУВСТВИТЕЛНИ И КОНТРОВЕРЗНИ ИСТОРИСКИ ТЕМИ …….....62

Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
ФРАЗЕОЛОГИЗМОТ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК – ПРЕЧКА ИЛИ ПРЕДИЗВИК …….....66

Ленче Насев
УЛОГАТА НА СОВРЕМЕНИОТ НАСТАВНИК ВО НАСТАВАТА ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ….....73

Снежана Мирасчиева, Виолета Петкова
СОДРЖИНИТЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ПО БАЛЕТ ВО ОСНОВНИТЕ МУЗИЧКИ УЧИЛИШТА - ПРЕДИЗВИК ЗА УЧИТЕЛОТ…….....77

Билјана Попеска, Снежана Јованова – Митковска
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА BRAIN BREAK ВО УЧИЛИШТАТА ВО МАКЕДОНИЈА И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИСКУСТВАТА ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ.....83

Ружица Коштанова, Катица Костова
МОДНИТЕ РЕВИИ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИКОТ.....90

Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Ирена Китанова, Даниела Коцева
ВИДОВИ АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ МЛАДИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ…….....95

Емилија Угриновска, Билјана Илиев
СПОСОБНОСТИТЕ НА НАСТАВНИКОТ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ СО ПСИХОСОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ .....100

Киро Јорданов
ДИСЛЕКСИЈАТА - ПРЕДИЗВИК НА 21 ВЕК …….....104

Трајче Стојанов
КАЛОКАГАТИЈА КАКО ВОСПИТЕН ИДЕАЛ …….....118

Милена Ристова Михајловска
ПРЕКУ ХЕРМЕНЕВТИЧКИ ИНТЕРПРЕТАЦИИ И АНАЛИЗА НА ТЕКСТ, СРЕДНОВКОВНАТА КНИЖЕВНОСТ ПОБЛИСКУ ДО СОВРЕМЕНИОТ ЧИТАТЕЛ, УЧЕНИК И СТУДЕНТ .....124

Данче Николовска Вратеовска
СТИЛИЗИРАНИ ФАКТИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ЦИКЛУСИ И ПОТРЕБАТА ОД АНТИЦИКЛИЧНА МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА…….....134

## Предговор

*Предизвиците и перспективите на учителската професија* е колекција на трудови создадени како резултат на мислењата и ставовите изнесени на истоимената научно-стручна трибина на Факултетот за образовни науки во Штип која се одржа на 7 октомври 2016 година, по повод 5 Октомври, светскиот ден на учителот. Содржи лепеза на научни погледи и размислувања за предизвиците и перспективите со кои се соочува учителската професија во овој 21 век. По својата суштина, зборникот е наменет за сите структури кои се активно вклучени во креирањето, имплементацијата и развојот на воспитно-образовниот процес.

Зборникот на трудови *Предизвиците и перспективите на учителската професија* е четврт зборник, прирачник кој ќе им послужи на сегашните и идни генерации учители. Во публикацијата се претставени трудови кои ги третираат дилемите, проблемите, предизвиците и перспективите со кои се соочува оваа професија, а се дадени и насоки и модели за дизајнирање и редизајнирање на учителскиот профил.

На повеќе од сто страници поместени меѓу кориците на оваа колекција, низ синергичен приод можат да се најдат нови идеи за понатамошни истражувања и развој на учителската професија. Текстовите изобилуваат со богати и разновидни искуства кои се водилка за стекнување и развој на ново индивидуално искуство.

Им благодариме на сите партиципиенти за учеството и придонесот на споделувањето на теоретските размислувања и практичните искуства на трибината.

Штип, декември 2016 Од уредниците

**УДК 338.22:332.146.2**
**Прегледен труд**

# СТИЛИЗИРАНИ ФАКТИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ЦИКЛУСИ И ПОТРЕБАТА ОД АНТИЦИКЛИЧНА МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

**Данче Николовска Вратеовска**
**Совет на Општина Штип**

**Апстракт**
Експанзиите и контракциите кај економските циклуси, причините за нивното создавање како и начинот на нивно однесување се предмет на опсежни анализи и обсервации кај многу економисти и кај економските власти ширум светот. Сферите на овој интерес имаат оправданост при дефинирањето на антицикличните макроекономски политики во националните економии. Овој труд поаѓајќи од методот на компаративна анализа, индукцијата и дедукцијата и синететичкиот научен метод; има за цел да ги дефинира економските циклуси, но и да го подвлече стилизираниото фактичко знаење за нив, притоа нудејќи мерки за намалување на времетраењето и интензитетот на нивните амплитуди а во функција на одржлив економски раст и развој.
**Клучни зборови:** економски власти, национални економии, фактичко знаење, амплитуди, одржлив економски раст и развој.

# STYLIZED FACTS OF THE ECONOMIC CYCLES AND THE NEED FOR COUNTER-CYCLICAL MACROECONOMIC POLICY

**Dance Nikolovska Vrateovska**
**Local Gouverment of Municipality Stip**

**Abstract**
Expansions and contractions in economic cycles, the reasons for their creation and how their behaviors are the subject of extensive analysis and observations of many economists and the economic authorities worldwide. The areas of this interest have justification in the definition of countercyclical macroeconomic policies in national economies. This paper, starting from the method of comparative analysis, induction and deduction and sinetetical scientific method, aims at defining economic cycles and to point out the stylized actual knowledge of them, offering measures to reduce the duration and intensity of their amplitudes, for the purpose of sustainable economic growth and development.
**Key words**: economic authorities, national economies, factual knowledge, amplitudes, sustainable economic growth and development.

**Вовед**


Историската анализа на динамиката на растот на БДП, покажала дека истиот има тенденција на пораст, но на еден флуктуирачки и нерамномерен начин. Цикличните промени на растот на БДП во траење од 5 до 10 години во економската теорија се познати како *економски циклуси*. Тие во просек ретко отстапуваат повеќе од 2% до 5% од производот. Овие флуктуации на производството се придружени со флуктуации и на многу други макроекономски варијабли.

**Детерминистичките Vs стохастички генерираните економски циклуси**

За анализа на економските циклуси се користени два од економски природа: *детерминистички создадени циклуси* и *стохастички создадени циклуси*, при што пошироко е прифатено кибернетското гледиште дека циклусите претставуваат трансформација на случајни шокови низ времето. Механизмот на пренесување на импулсите ги трансформира случајните шокови во поправилни флуктуации, а клучно е постоењето на временските заостанувања на реакцијата на клучните економски варијабли спрема нивните детерминанти.

Кејнизјанското гледиште на ригидни цени на краток рок е пример за рамка на пренос на импулси. Се потпира на временското заостанување на реакциите на побарувачката кон БДП и на движењето на трајната кон стварната инфлација. Оваа рамка, позната и како *AS-AD рамка*, ја потенцира разликата помеѓу шоковите на побарувачката и на понудата.

Во рамки на теориите за економски циклуси засновани врз ригидноста на цените е и *теоријата на реални економски циклуси*, која како канали за пренос на импулсите ги дефинира акумулацијата на капиталот и меѓувременската супституција на слободно време, притоа третирајќи ги како случајни и егзогени варијабли на продуктивноста. AS-AD рамката има тешкотии во објаснувањето на процикличните продуктивност и каматни стапки, а ги објаснува варијабилноста на невработеноста и можната краткорочна ригидност на цените, за разлика од втората теорија, која има потешкотии во објаснувањето на варијабилната невработеност, но се потпира на совршената флексибилност на цените и на флуктуациите како најдобар можен одговор на променливиот амбиент (Николовска Вратеовска, 2015).




*Слика бр. 1: Механизам за пренос на импулси*

*Извор: Burda, M. and Wyplosz, C. (2001). Makroekonomija, Ina Komerc, 2001, стр. 349*

**За стилизираните факти за економските циклуси**

Во рамки на стилизираните факти за економските циклуси ќе ги прикажеме (Burda and Wyplosz, 2001):

- *Стилизиран факт 1:* Во напредните економии, растот на реалниот БДП флуктуира на повторувачки, но неправилен начин, со просечна времетраење должина на циклусот од пет до осум години;
- *Стилизиран факт 2: И*змерена во однос на просечниот БДП и во споредба со процесот на растеж, амплитудата на флуктуациите на економскиот циклус е мала;
- *Стилизиран факт 3:* Компонентите на потрошувачката на приватниот сектор се проциклични, додека во просек потрошувачката на државата е ациклична;
- *Стилизиран факт 4:* Некои варијабли по правило му претходат на БДП во текот на циклусите (залихи, искористеност на капацитетите, цени на акциите, реален квантум пари), додека други временски заостануваат (инфлација, невработеност). Останатите варијабли (каматните стапки) коинцидираат со промените на БДП во рамките на циклусот;
- *Стилизиран факт 5:* Инвестициите, особено оние во залихи се поваријабилни, а потрошувачката е помалку променлива во однос на БДП. Извозот и увозот се мошне променливи, додека набавките на државата се релативно ациклични.[17]

**Заклучок**

Економската анализа е фокусирана на анализирање на природата на економските циклуси, со цел антиципирање на соодветни одговори на макроекономските политики, мерки и инструменти, а во насока на обезбедување на одржлив раст и развој во економиите. При тоа, во услови на рецесија, експанзивната фискална политика го користи својот расположлив инструментариум во функција на зголемување на домашната побарувачка, а експанзивната монетарна политика (во рамки на националната констелација на можности) дејствува во насока за вбризгување на соодветен степен на ликвидност во националната економија. Во обратна насока, кога имаме состојба на коњуктура, се спроведува рестриктивна макроекономска политика.

Во насока на ефикасно спроведување на овие задачи и политики, е потребно да се имаат предвид трошоците на макроекономската нестабилност и како долгорочни цели да се воспостават стабилниот и одржлив раст и развој, зголемување на вработеноста и воопшто поголема искористеност на капиталот и раположливите ресурси, обезбедување на врамнотежен платен биланс, регионално поврзување, намалување на сиромаштијата итн.

**Користена литература**


- Вратеовска, Н. Д. (2015). *Економската стабилност низ призма на финансискиот систем*, НУУБ Гоце Делчев Штип, 2015.
- Burda, M., Wyplosz, C. (2001).*Makroekonomija*, (превод). Ina Komerc, 2001


[17] Burda, M. , Wyplosz, C. (2001). *Makroekonomija*, prevod, Ina Komerc, 2001.